Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на Општина Гостивар** , на ден 21.05.2018 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за Урбана Единица -„В"-Блок - 22 КО Гостивар 1,Општина Гостивар кој се носи согласно Законот за просторно планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.gostivari.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за Урбана Единица -„В"-Блок - 22 КО Гостивар 1,Општина Гостивар нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Од самата технологија нема да има загадување на вода,почва,бучава на околното население и воздухот,односно нема да има нарушување на животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.20-872/1 21.05.2018
с.р
Место Гостивар

Име и презиме

Градоначалник
Арбен Тааравари

Scanned by CamScanner